# ГЛАСИЛО
# GAZETË

АВГУСТ / СЕПТЕМВРИ 2019
GUSHT / SHTATOR 2019



ЗАЕДНИЦА
НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА
САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**-ЗЕЛС**

BASHKËSIA
E NJËSIVE TË
VETËQEVERISJES
LOKALE TË
REPUBLIKËS SË
MAQEDONISË SË VERIUT
**-BNJVL**



Почитувани,

Во август и септември, ЗЕЛС имаше интензивни активности за поддршка на општините, јакнењето на нивните административни капацитети, развивање на соработка со претседателите на општинските совети, како и во насока на лобирање за преземање на реформи за унапредување на системот за локална самоуправа.

Во таа насока беше работилницата што се одржа од 30 август до први септември 2019 година, во Маврово, каде поканетите градоначалници, општински советници, домашни и странски експерти, како и претставници од централната власт, дискутираа за можностите за реформи во процесот на децентрализацијата на власта. Претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, го изнесе предлог- концептот на единиците на локална власт што оди во три насоки: фискалната децентрализација; проширувањето на надлежностите на ЕЛС и промени во организацијата на локалната власт.

ЗЕЛС во септември иницираше организирање на регионални работилници на претседателите на општинските совети и тоа со претставниците од Пелагонискиот плански регион, од Вардарскиот, од Источниот и од Југоисточниот плански регион. Во следниот период ќе бидат организирани средби и во останатите региони. Советниците говореа за своите предизвици, изнесоа одредени предлози за подобрување на улогата на советите, а дискутираа и за одредени иницијативи што неодамна ги донесе Управниот одбор и Генералното собрание на ЗЕЛС.

ЗЕЛС организираше и завршна конференција на проектот „Поддршка на општините во промоција на одржлива урбана мобилност" во рамките на одбележувањето на „Европската недела за урбана мобилност". Градоначалници и овластени претставници од шесте општини: Битола, Велес, Кавадарци, Карпош, Куманово и Охрид, кои се дел од овој проект, потпишаа изјави дека ќе продолжат со имплементирањето на мерките за одржлива урбана мобилност (ПОУМ). ЗЕЛС обезбеди административна поддршка за креирање на важни документи од оваа област, со што создаде добри практики и искуства кои потоа ќе можат да се пренесат и користат од страна на другите општини.

„Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање" е насловот на новиот проект што ЗЕЛС започна да го реализира од месец август. Проектот ќе се реализира со финансиска поддршка на UN Women и ќе се спроведува до втората половина на 2021 година.

Претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов и градоначалникот на Штип, Благој Бочварски, на 18 септември, се сретнаа со претседателот на Европскиот комитет на регионите (КоР), Карл-Хајнц Ламберц, при неговата дводневна посета на нашата земја. Беше нагласена важноста од заедничката соработка на локалните и на регионалните власти на сите земји од Унијата и оние кои се стремат да бидат дел од ова семејство.

За овие и за други активности ќе може да прочитате поопширно во овој број на Гласилото на ЗЕЛС.

Со почит,
Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Në muajin gusht dhe shtator, BNJVL-ja pati aktivitete intensive për t'i përkrahur komunat, për t'i përforcuar kapacitetet e tyre administrative, për të zhvilluar bashkëpunim me kryetarët e këshillave komunalë, si dhe për të lobuar për ndërmarrjen e reformave për përmirësimin e sistemit të vetëqeverisjes lokale. Në këtë drejtim ishte punëtoria që u mbajt nga 30 gushti deri më 1 shtator 2019, në Mavrovë, ku kryetarët e ftuar të komunave, këshilltarë komunalë, ekspertë të huaj dhe vendas, si dhe përfaqësues të pushtetit qendror diskutuan për mundësitë për reforma në procesin e decentralizimit. Kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov prezantoi propozim-konceptin e njësive të pushtetit lokal i cili shkon në tri drejtime: decentralizimi fiskal, zgjerimi i kompetencave të njësive të vetëqeverisjes lokale dhe ndryshime në organizimin e pushtetit lokal.

BNJVL-ja në muajin shtator inicioi organizimin e punëtorive rajonale të kryetarëve të këshillave komunalë edhe atë me përfaqësuesit e Rajonit planifikues të Pellagonisë, të Vardarit, Rajonit planifikues lindor dhe Rajonit planifikues juglindor. Në periudhën e ardhshme do të organizohen takime edhe me rajonet e tjera. Këshilltarët folën për sfidat e tyre, prezantuan propozime të caktuara për përmirësim të rolit të këshillave dhe diskutuan edhe për iniciativa të caktuara që i miratoi së fundmi Bordi Drejtues dhe Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së.

BNJVL-ja organizoi edhe konferencën përfundimtare të projektit "Mbështetje për komunat në promovimin e mobilitetit të qëndrueshëm urban" në kuadër të shënimit të "Javës evropiane të mobilitetit urban". Kryetarët e komunave dhe përfaqësues të autorizuar nga gjashtë komunat: Manastir, Veles, Kavadar, Karposh, Kumanovë dhe Ohër, të cilat janë pjesë e këtij projekti, nënshkruan deklarata se do të vazhdojnë me implementimin e masave të mobilitetit të qëndrueshëm urban (PMQU). BNJVL-ja siguroi mbështetje administrative për krijimin e dokumenteve të rëndësishme të kësaj sfere, duke krijuar praktika dhe përvoja të mira të cilat pastaj do të mund të transferohet dhe përdoren nga ana e komunave të tjera.

"Drejt komunave të përgjegjshme gjinore: forcimi i kapaciteteve komunale për barazi gjinore dhe buxhetim të përgjegjshëm gjinor" është titulli i projektit të ri të cilin filloi ta realizojë BNJVL-ja nga muaji gusht. Projekti do të realizohet me mbështetjen financiare të UN Women dhe do të zbatohet deri në gjysmën e dytë të vitit 2021.

Kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov dhe kryetari i Shtipit, Bllagoj Boçvarski më 18 shtator u takuan me kryetarin e Komitetit Evropian të Rajoneve (KoR), Karl-Heinz Lambertz, gjatë vizitës së tij dyditore në vendin tonë. U theksua rëndësia e bashkëpunimit të përbashkët të autoriteteve lokale dhe të atyre rajonale të të gjitha vendeve të Unionit dhe atyre që aspirojnë të jenë pjesë e kësaj familjeje.

Për këto dhe për aktivitete të tjera do të mund të lexoni më shumë në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,
Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së

**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Момент мал ДООЕЛ,Скопје
**Дизајн и подготовка:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци
**Печатење:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „ Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Moment Mal SHPKNJP, Shkup
**Dizajnim dhe përgatitje:** SOFIJA PRINT Bogdanci
**Shtyp:** SOFIJA PRINT Bogdanci

## РАБОТИЛНИЦИ ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ

Во просториите на ЗЕЛС, на 14 и на 19 август, 2019 година беа одржани поединечни работилници за претставниците од општинската администрација на единиците на локалната самоуправа: Охрид и Куманово. Тоа се двете општини, од вкупно пет, кои беа избрани на повикот за пријавување на заинтересираните локални власти за добивање на експертска помош во процесот на стратешко планирање за одржлива урбана мобилност (SUMP), објавен од ЗЕЛС во месец мај, оваа година. Работилниците за останатите три општини: Битола, Карпош и Кавадарци беа одржани во месец јули.

На работилниците присуствуваа по двете номинирани лица од секоја општина, кои се одговорни за имплементација на општинскиот проект во рамките на проектот „Поддршка на единиците на локалната власт на Република Северна Македонија во промоција на одржлива урбана мобилност" („Sustainable urban mobility planning- SUMP")"што ги реализира ЗЕЛС во соработка со Германската агенција за меѓународен развој (GIZ). На работилницата присуствуваа и раководните лица од областите поврзани со сообраќај, урбанизам и односи со јавноста. Целта на овие работилници е општините да добијат експертска поддршка како да го реализираат целиот процес на градење на локални политики за поголема застапеност на придобивките од одржлива урбана мобилност и создавање на услови за нивно натамошно преточување во одредени стратегиски документи или урбанистички планови кои во себе ќе содржат мерки на SUMP. Ангажираните експерти на ЗЕЛС посочија дека не станува бор за краткорочен процес и дека во подготвителната фаза треба да се дефинира работна структура од најсоодветни претставници кои, заедно со граѓаните, ќе ја создадат „визијата" на нивната општина која ќе го одразува SUMP. Тоа значи дека општината во своето планирање, првенствено ќе создава можности за граѓаните, наместо сопственото возило повеќе да го користат јавниот превоз, велосипедот, електричните тротинети, да одат пешки по соодветни пешачки патеки и друго. Притоа, тие ќе треба да планираат повеќе слободен простор за зеленило, паркови, игралишта, внатре во срцето на урбаните градови. Беше посочено дека секоја општина треба да утврди свој работен тим, во кој би требало да учествуваат претставници од локалната власт, но и истакнати урбанисти, сообраќајни инженери, екологисти, професори, претставници од соодветни институции и од граѓанскиот сектор. Општината треба да објави и јавна анкета со цел да го запознае населението со своите активности и притоа да ги осознае потребите, ставовите и идеите на граѓаните во дефинирањето во каква општина/град сакаат да живеат нејзините граѓани. Обезбедување на широка јавна расправа и вклученост на сите засегнати страни всушност е основата за развивањето на стратешкиот документ и анализата за одржлива урбана мобилност во локалната власт. Тоа ќе овозможи да се утврдат предизвиците, проблемите и визијата за иден развој на секоја од овие општини. Целта е локалната власт да донесе и конкретни мерки што во следниот период ќе ги спроведува. ЗЕЛС го препознава моделот на одржливо урбано планирање, како неопходна алатка за иден развој на општините и за таа

## PUNËTORI PËR MOBILITET TË QËNDRUESHËM URBAN

Më 14 dhe 19 gusht 2019, në hapësirat e BNJVL-së u mbajtën punëtori të ndara për përfaqësuesit e administratës komunale të njësive të vetëqeverisjes lokale të Ohrit dhe Kumanovës. Këto janë dy komunat nga gjithsej pesë, të cilat u zgjodhën në thirrjen për paraqitjen e autoriteteve të interesuara lokale për marrjen e ndihmës së ekspertëve në procesin e planifikimit strategjik për mobilitet të qëndrueshëm urban (SUMP), të publikuar nga BNJVL-ja në muajin maj të këtij viti. Punëtoritë për tri komunat e tjera: Manastiri, Karposhi dhe Kavadari u mbajtën në muajin korrik.

Në punëtoritë morën pjesë nga dy persona të emëruar nga secila komunë, të cilët janë përgjegjës për implementimin e projektit komunal në kuadër të projektit "Mbështetje për njësitë e vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut" ("Sustainable urban mobility planning- SUMP") që e realizon BNJVL-ja në bashkëpunim me Agjencinë Gjermane për Zhvillim Ndërkombëtar (GIZ). Në punëtoritë morën pjesë edhe personat udhëheqës nga sferat e lidhura me trafikun, urbanizmin dhe marrëdhëniet me publikun. Qëllimi i këtyre punëtorive është që komunat të marrin mbështetjen e ekspertëve se si ta realizojnë të gjithë procesin e bërjes së politikave lokale për përfaqësim më të madh të përfitimeve të mobilitetit të qëndrueshëm urban dhe të krijojnë kushte për shndërrimin e tyre të mëtejshëm në dokumente të caktuara strategjike ose plane urbanistike që do t'i përmbajnë masat e SUMP-it. Ekspertët e angazhuar të BNJVL-së theksuan se nuk bëhet fjalë për një proces afatshkurtër dhe se në fazën përgatitore duhet të përcaktohet struktura e punës që do të përbëhet nga përfaqësuesit më të përshtatshëm të cilët, së bashku me qytetarët, do të krijojnë "vizionin" e komunës së tyre që do të pasqyrojë SUMP-in. Kjo do të thotë se komuna në planifikimin e saj, në radhë të parë do të krijojë mundësi për qytetarët, në vend të automjetit të tyre ta përdorin më shumë transportin publik, biçikletën, trotinetet elektrike, të ecin më këmbë nëpër shtigjet përkatëse të këmbësorëve etj. Ata po ashtu do të duhet të planifikojnë më shumë hapësirë të lirë për gjelbërim, parqe, fusha sportive, brenda në zemrën e qyteteve urbane. U theksua se secila komunë duhet ta përcaktojë ekipin e saj të punës, në të cilin do të merrnin pjesë përfaqësues të pushtetit lokal, por edhe urbanistë të dalluar, inxhinierë trafiku, ekologjistë, profesorë, përfaqësues të institucioneve përkatëse dhe sektorit civil. Komuna duhet të publikojë edhe një anketë publike me qëllim që ta informojë popullatën për aktivitetet e saja dhe njëkohësisht t'i dëgjojë nevojat, qëndrimet dhe idetë e qytetarëve për përcaktimin e tyre se në çfarë komune/qyteti dëshirojnë të jetojnë qytetarët e saj. Sigurimi i një debati të gjerë publik dhe përfshirja e të gjitha palëve të interesuara në fakt është baza për zhvillimin e dokumentit strategjik dhe analizës së mobilitetit të qëndrueshëm urban në pushtetin lokal. Kjo do të mundësojë që të përcaktohen sfidat, problemet dhe vizioni i zhvillimit të ardhshëm të secilës prej këtyre komunave. Qëllimi është që pushteti lokal të miratojë edhe masa konkrete të cilat do t'i zbatojë në periudhën e ardhshme. BNJVL-ja e sheh modelin e planifikimit të qëndrueshëm urban si një mjet i



цел им препорачува на сите општини да преземат мерки и активности и доколку се заинтересирани да се приклучат кон европската иницијатива на http://www.mobilityweek.eu/.

Претставниците од локалната власт ги посочија актуелните предизвици во општините, при што особено нагласија дека постојните урбанистички планови се темелат на задоволување на потребите на сообраќајот и дека се потребни сериозни и долгорочни напори за да се смени начинот на досегашното размислување во оваа област.



domosdoshëm për zhvillimin e ardhshëm të komunave dhe për këtë qëllim u rekomandon të gjitha komunave të ndërmarrin masa dhe aktivitete dhe nëse janë të interesuara t'i bashkëngjiten iniciativës evropiane në http://www.mobilityweek.eu/.

Përfaqësuesit e pushtetit lokal i theksuan sfidat aktuale në komuna, me ç'rast theksuan veçanërisht se planet ekzistuese urbanistike bazohen në plotësimin e nevojave të trafikut dhe se nevojiten përpjekje serioze dhe afatgjata që të ndryshohet mënyra e të menduarit të deritanishëm në këtë sferë.

## ЗЕЛС ДОМАЌИН НА ЧЕТВОРИЦА ДОКТОРАНТИ ОД ПОЛСКА, АРГЕНТИНА И ИТАЛИЈА

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија, во рамките на проектот „ЛоГов", во периодот април – август, 2019 година, беше домаќин на двајца докторанди од Полска, еден докторанд од Аргентина и еден од Италија. Секој од нив, во период од триесетина дена имаше можност секојдневно да ги следи активностите на ЗЕЛС и да ги прошири своите сознанија за организацијата на локалната власт во нашата земја, за процесот на децентрализација и за предизвиците од неговата имплементација. „Гостите" учествуваат на работилници, обуки и конференции што ги реализираше ЗЕЛС во овој период, при што некои од нив посетија и неколку општини во нашата земја.

Од овој студиски престој на странските научници полза имаше и ЗЕЛС, бидејќи стручната служба на ЗЕЛС и дел од општинската администрација имаа можност да се запознаат со моделите на организирање и учеството на граѓаните во процесите на градење на локалните политики и донесувањето на одлуки од локално значење, во земјите од каде тие доаѓаат. Во таа насока, во ЗЕЛС беше организиран „Ден на презентации" што започна со излагањето на Марчин Соколовски и Каролина Збитњевска од „Варшавскиот Универзитет", кои истражуваат на повеќе теми за партиципативно учество и структура на локални самоуправи. Тие ги пренесоа искуствата од истражувањето за буџетското партиципативно организирање во локалната власт, во нивната земја. Говореа и за искуствата од процесот на трансформацијата на локалната власт, во периодот на подготовките на нивната земја, за

## BNJVL-JA ISHTE NIKOQIR I KATËR DOKTORANTËVE NGA POLONIA, ARGJENTINA DHE ITALIA

Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në kuadër të projektit "LoGov", në periudhën prill – gusht të vitit 2019, ishte nikoqir i dy doktorantëve nga Polonia, një doktoranti nga Argjentina dhe një doktoranti nga Italia. Secili prej tyre, për një periudhë prej tridhjetë ditësh, pati mundësinë që t'i ndjekë për çdo ditë aktivitetet e BNJVL-së dhe t'i zgjerojë njohuritë e tija shkencore për organizimin e pushtetit lokal në vendin tonë, për procesin e decentralizimit dhe për përvojat e implementimit të tij. "Mysafirët" morën pjesë në punëtori, trajnime dhe konferenca që i realizoi BNJVL-ja në këtë periudhë, kështu që disa prej tyre vizituan komuna të caktuara në vendin tonë.

Nga ky qëndrim studimor i shkencëtarëve të huaj përfitime kishte edhe BNJVL-ja, sepse shërbimi profesional i BNJVL-së dhe një pjesë e administratës komunale patën mundësinë të informohen lidhur me modelet e organizimit dhe pjesëmarrjen e qytetarëve në proceset e ndërtimit të politikave lokale dhe marrjen e vendimeve të rëndësisë lokale që zbatohen në vendet prej nga vijnë ata. Në këtë drejtim, në BNJVL u organizua "Dita e prezantimeve" që filloi me prezantimin e Marçin Sokollovskit dhe Karolina Zbitnjevskës nga "Universiteti i Varshavës", të cilët hulumtojnë më shumë tema për pjesëmarrjen participative dhe strukturën e vetëqeverisjeve lokale. Ata transmetuan përvojat e hulumtimit për organizimin participativ të buxhetit në pushtetin lokal në vendin e tyre. Ata folën edhe për përvojat e procesit të transformimit të pushtetit lokal në periudhën e përgatitjeve të vendit të tyre për t'u anëtarësuar në Bashkimin

членство во Европската Унија. Беа наведени и промените што биле реализирани по стапувањето на земјата во европското семејство. Полската алатка за „буџетско учество на граѓаните" функционира на начин што посебни фондови на финансиски средства се алоцирани во буџетот на општината со намена за реализација на локалните инвестициски вложувања. За овие вложувања одлучуваат жителите на општината, минувајќи низ процес на консултации за реализација, а притоа согласност треба да даде и локалната власт. Една од целите на трансформацијата во Полска на патот кон зачленување во ЕУ била децентрализацијата на власта и на администрацијата, за подобро да се апсорбираат структурните фондови, насочени кон намалување на разликите во економскиот развој на земјата. Со административната реформа од 1999 година, Полска утврдила тристепена територијална организација на државата (16 „војводства" на регионално ниво/еквиваленти на NUTS2/, 380 општини на суб-регионалното ниво, вклучувајќи и 66 градови на ранг на општини, со 314 не-општински единици и 2.478 комуни. Вкупно 304 се урбани комуни, 611 урбано-рурални и 1563 рурални комуни. Со својата тристепена административна организација, Полска е една од 11-те земји на ЕУ со вака сложена територијална структура. Своја презентација на темата „Структури на локалните самоуправи, компаративно истражување со примери од други земји од Западен Балкан" подготви и Елизабет Албер од италијанскиот Европски истражувачки институт во Болцано.

## Аргентина иако е политички и административно децентрализирана, сепак има силна фискална централизација

За федералната структура на Аргентина, што ја сочинуваат 23 окрузи (познати како провинции) и посебната единица - градот Буенос Аирес, говореше докторандот, Хуан Негри, од Националниот универзитет „Сан Мартин" (УНСАМ), кој работи на теми од областа на фискалната децентрализација. Аргентина има три нивоа на управување: федерално, провинциско (држави) и локално, односно 23 провинции и еден федерален округ (Буенос Аирес) со важни политички, фискални и административни капацитети, како и 612 општини со различни асиметрични нивоа на автономија, затоа што секоја провинција утврдува колку автономија може да имаат локалните власти на нејзина територија. Секоја од аргентинските провинции има свој устав, закони, овластувања и форми на

Evropian. U theksuan edhe ndryshimet që janë bërë pas hyrjes së vendit në familjen evropiane. Vegla polake për "pjesëmarrjen buxhetore të qytetarëve" funksionon në atë mënyrë që fonde të veçanta të mjeteve financiare janë alokuar në buxhetin e komunës me qëllim të realizimit të investimeve lokale. Për këto investime vendosin banorët e komunës, duke kaluar nëpër një proces të konsultimeve për realizim, për të cilën gjë pajtueshmëri duhet të japë edhe pushteti lokal. Një nga qëllimet e transformimit në Poloni në rrugën drejt anëtarësimit në BE ka qenë decentralizimi i pushtetit dhe administratës, në mënyrë që të absorbohen më mirë fondet strukturore që synojnë të zvogëlojnë dallimet në zhvillimin ekonomik të vendit. Me reformën administrative të vitit 1999, Polonia ka bërë një organizim territorial të shtetit me tre nivele (16 "qarqe vojvoda" në nivel rajonal/ekuivalente me NUTS2/380 komuna në nivel nën-rajonal, duke përfshirë edhe 66 qytete në rangun e komunave, me 314 njësi jo-komunale dhe 2.478 komuna. Gjithsej 304 janë komuna urbane, 611 urbane-rurale dhe 1.563 komuna rurale. Me organizimin e saj administrative me tre nivele, Polonia është një nga 11 vendet e BE-së me një strukturë të këtillë komplekse territoriale.

Edhe Elizabet Alber nga Instituti Italian Evropian për Hulumtime në Bolzano përgatiti prezantimin e saj me temën "Strukturat e vetëqeverisjeve lokale, hulumtimi komparativ me shembuj nga vende të tjera të Ballkanit Perëndimor".

## Argjentina edhe pse është e decentralizuar politikisht dhe administrativisht, megjithatë ka një centralizim të fortë fiskal

Për strukturën federale të Argjentinës, të cilën e përbëjnë 23 qarqe (të njohura si provinca) dhe njësinë e veçantë – Qyteti Buenos Aires, foli doktoranti Huan Negri nga Universiteti Nacional "San Martin" (UNSAM), i cili punon në tema të sferës së decentralizimit fiskal. Argjentina ka tri nivele të qeverisjes: nivelin federal, nivelin provincial (shtete) dhe atë lokal, përkatësisht 23 provinca dhe një qark federal (Buenos Aires) me kapacitete të rëndësishme politike, fiskale dhe administrative, si dhe 612 komuna me nivele të ndryshme asimetrike të autonomisë, për shkak se secila provincë përcakton se sa autonomi mund të kenë autoritetet lokale në territorin e saj. Secila nga provincat e Argjentinës ka Kushtetutën e saj, ligjet, autorizimet dhe format e qeverisjes, të cilat duhet të jenë në përputhje me



управување, кои мора да бидат во согласност со националниот устав и сојузниот закон. Владата на секоја провинција има три гранки: извршна, законодавна и судска. Извршната власт е предводена од гувернер, додека законодавната гранка на провинцијата може да биде организирана во двостепен или еднostепен формат. Секоја провинција, со исклучок на провинцијата Буенос Аирес, е поделена на административни единици, кои, пак, се поделени на општини. Хуан Негри, објасни дека иако Аргентина е политички и административно децентрализирана, фискално таа е сѐ уште централизирана, односно централната власт дистрибуира федерални средства во покраините.

kushtetutën nacionale dhe ligjin federal. Qeveria e çdo province ka tre degë: ekzekutive, legjislative dhe gjyqësore. Pushteti ekzekutiv drejtohet nga një guvernator, ndërsa dega legjislative e provincës mund të organizohet në formatin e dy niveleve ose një niveli. Secila provincë, me përjashtim të provincës Buenos Aires, është e ndarë në njësi administrative, të cilat ndahen në komuna. Huan Negri shpjegoi se Argjentina edhe pse është e decentralizuar politikisht dhe administrativisht, ajo ende është e centralizuar fiskalisht, gjegjësisht pushteti qendror shpërndan mjetet federale në krahina.

## Што е „ЛоГов“?

Проектот „ЛоГов“ опфаќа истражувања насочени кон обезбедување најдобри практики за локалните власти поврзани со влијанието на зголемената урбано-рурална поделба и менувањето на односите меѓу локалните власти и другите нивоа на власта. Преку овој тригодишен проект ќе се идентификуваат најдобрите практики и ќе се изврши нивно споделување во насока на поттикнување на нивна ефективна примена за надминување на овој предизвик. ЗЕЛС е еден од 10-те партнери на проектниот Конзорциум и дополнителните осум корисници на програмските активности на проктот „Локална самоуправа и промена на урбано-руралните односи – ЛоГов“ што е поддржан преку финансискиот инструмент на ЕУ „Хоризон2020“. Тоа е најголемата програма за истражување и иновации на ЕУ, во делот на потпрограмата „Мари Склодовска-Кири - истражување и иновации за размена на кадри“. ЛоГов опфаќа сеопфатни активности за обука и настани за дисеминација, комуникација и мрежно поврзување кои обезбедуваат комплементарни можности за подобрување на вештините и знаењата за истражување, развивање нови преносливи вештини, и подигање на академските и неакадемски профили, од кои сите значително ќе придонесат за реализирање на индивидуалниот потенцијал и подобрување на нивните перспективи во кариерата.

## Çfarë është “LoGov”?

Projekti “LoGov” përfshin hulumtime që synojnë sigurimin e praktikave më të mira për pushtetet lokale të lidhura me ndikimin e ndarjes së rritur urbane-rurale dhe ndryshimin e marrëdhënieve midis pushteteve lokale dhe niveleve të tjera të qeverisjes. Përmes këtij projekti trevjeçar do të identifikohen praktikat më të mira dhe do të kryhet shpërndarja e tyre në drejtim të nxitjes së zbatimit të tyre efektiv për tejkalimin e kësaj sfide. BNJVL-ja është një nga dhjetë partnerët e Konsorciumit të projektit dhe tetë përdoruesit shtesë të aktiviteteve të programit të projektit “Vetëqeverisja lokale dhe ndryshimi i marrëdhënieve urbane-rurale – LoGov”, që mbështetet përmes instrumentit financiar të BE-së “Horizon2020”. Ky është programi më i madh për hulumtime dhe inovacione i BE-së, në pjesën e nën-programit “Mari Skllodovska–Kiri – hulumtim dhe inovacione për shkëmbim të kuadrove”. LoGov përfshin aktivitete gjithëpërfshirëse për trajnim dhe ngjarje për diseminim, komunikim dhe rrjetëzim të cilat sigurojnë mundësi komplementare për përmirësimin e aftësive dhe njohurive të hulumtimit, zhvillimin e aftësive të reja transmetuese dhe ngritjen e profileve akademike dhe jo-akademike, nga të cilët të gjithë do të kontribuojnë në mënyrë të konsiderueshme për realizimin e potencialit individual dhe përmirësimin e perspektivave të tyre në karrierë.

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ - ПОЈДОВНА ТОЧКА ВО ПЛАНИРАЊЕТО ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ И УРБАНАТА МОБИЛНОСТ ВО ОПШТИНИТЕ

Во периодот од 23 август до 6 септември, 2019 година единиците на локална власт: Битола, Охрид, Кавадарци, Куманово и Карпош организираа по една јавна работилница, како појдовна точка во планирањето за унапредување на сообраќајот и урбаната мобилност, во целина, во општината. На работилниците учествуваа претставници од невладиниот сектор, јавните претпријатија, месните заедници, сообраќајни експерти, стручни лица од општинската администрација, советници и градоначалникот на општината. Тие, во координација со ангажираните експерти од проектот „Поддршка на единиците на локалната власт на Република Северна Македонија во промоција на одржлива урбана мобилност“, поделени во повеќе работни групи, ги анализираа актуелните сообраќајно-урбанистички состојби во градот, ги утврдуваа предизвиците со кои се соочуваат и ги изнесуваа предлозите и можностите за развивање на планови и стратегии за одржлива урбана мобилност на општината. Овие работилници претставуваат дел од процесот што предвидува вклучување на сите чинители во планирањето на развојот на градот, а во насока на унапредување на состојбите во сообраќајот и урбаната мобилност.

## PËRFSHIRJA E MENDIMIT TË PUBLIKIT - PIKË FILLESTARE NË PLANIFIKIMIN PËR PËRMIRËSIMIN E TRAFIKUT DHE MOBILITETIT URBAN NË KOMUNA

Në periudhën prej 23 gushtit deri më 6 shtator 2019, njësitë e pushtetit lokal: Manastir, Ohër, Kavadar, Kumanovë dhe Karposh organizuan nga një punëtori publike si pikë fillestare në planifikimin për përmirësimin e trafikut dhe mobilitetit urban në komunë në tërësi. Në punëtoritë morën pjesë përfaqësues nga sektori joqeveritar, ndërmarrjet publike, bashkësitë vendore, ekspertë të trafikut, ekspertë nga administrata komunale, këshilltarë dhe kryetari i komunës. Ata në koordinim me ekspertët e angazhuar të projektit “Mbështetje për njësitë e vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut në promovimin e mobilitetit të qëndrueshëm urban”, të ndarë në më shumë grupe punuese, analizonin gjendjet aktuale të trafikut dhe urbanizmit në qytet, përcaktonin sfidat me të cilat ballafaqohen dhe prezantonin propozimet dhe mundësitë për zhvillimin e planeve dhe strategjive të mobilitetit të qëndrueshëm urban të komunës. Këto punëtori janë pjesë e procesit që parasheh përfshirjen e të gjithë faktorëve në planifikimin e zhvillimit të qytetit dhe janë në drejtim të përmirësimit të gjendjeve në trafikun dhe mobilitetin urban.



### Во Општина Битола

Првата работилница беше одржана во Битола на 23 август, 2019 година, кога присутните беа запознаени дека општината е во завршна фаза со изработката на План за одржлива урбана мобилност на Битола. Беа претставени предвидените сообраќајни решенија каде што повеќе простор ќе им биде отстапен на велосипедистите, а акцентот беше ставен на улицата „Васко Карангелевски" и обезбедувањето таа да има и велосипедска патека. –„ Општина Битола работи на полето на еднаков третман на сите учесници во сообраќајот. Светските трендови налагаат зголемување на просторот на велосипедистите, а намалување на возилата. Во таа насока се труди да чекори и Општина Битола", рече градоначалничката, Наташа Петровска. Присутните ги посочија предизвиците со паркирањето на возилата, но и со поставувањето на сигнализацијата, со што се намалени можностите за непречен проток на велосипеди и пешачки патеки.

### Во Општина Охрид

И Општина Охрид започна со подготовка на Планот за одржлива урбана мобилност (ПОУМ) при што на 27 август, 2019 година организира јавна работилница. Присутните беа информирани дека наспроти традиционално урбано планирање, кое во фокусот ги става сообраќајниците, станува збор за нов пристап, во кој учесниците во сообраќајот имаат ист третман. Беше посочено дека изработката на ваков план е од особена важност за локалната власт за пристап кон европските фондови, бидејќи без ваков план ниту една општина не може да конкурира за средства за оваа намена. Истовремено, со овие активности се оди во насока на хармонизација кон европските конвенции и правила. Направен е анкетен прашалник, спроведено е анкетирање- „Да планираме заедно град во каков што сакаме да живееме", обработени се податоци од повеќе од 850 испитаници. Вклучувањето на граѓаните и јавното мислење ќе биде појдовна точка во процесот, што ќе биде заокружен со документ што ќе содржи краткорочни мерки што ќе се надоврзат на постојната пракса, а од каде потоа би се надополниле нови решенија што ефективно би придонеле кон решавање на проблемите и на подолг рок. –„Охрид има изработена детална студија за уредување на сообраќајот во градот, која може да претставува платформа за идните активности и за уште поголемо вклучување на јавноста во планирањето", рече градоначалникот, Константин

### Në Komunën e Manastirit

Punëtoria e parë u mbajt në Manastir më 23 gusht 2019, kur të pranishmit u informuan se komuna është në fazën përfundimtare me përpilimin e Planit të mobilitetit të qëndrueshëm urban të Manastirit. U prezantuan zgjidhjet e parapara të trafikut ku do të lihet më shumë hapësirë për çiklistët, ndërsa theksi u vu te rruga "Vasko Karangelevski" dhe sigurimi i një shtegu për biçikleta në të. – "Komuna e Manastirit punon në sferën e trajtimit të barabartë të të gjithë pjesëmarrësve në trafik. Trendët botërorë kërkojnë rritjen e hapësirës së çiklistëve dhe reduktimin e automjeteve. Në këtë drejtim po përpiqet të lëvizet edhe Komuna e Manastirit", tha kryetarja Natasha Petrovska. Të pranishmit theksuan sfidat me parkimin e automjeteve, por edhe me vendosjen e sinjalizimit, me ç'rast janë zvogëluar mundësitë për rrjedhjen e pandërprerë të biçikletave dhe për shtigjet e këmbësorëve.

### Në Komunën e Ohrit

Edhe Komuna e Ohrit filloi me përgatitjen e Planit të mobilitetit të qëndrueshëm urban (PMQU), kështu që më 27 gusht 2019 organizoi një punëtori publike. Të pranishmit u informuan se kundrejt planifikimit tradicional urban, i cili vë në fokus rrugët, bëhet fjalë për një qasje të re, në të cilën pjesëmarrësit në trafik kanë trajtimin e njëjtë. U theksua se përpilimi i një plani të këtillë është me një rëndësi të veçantë për pushtetin lokal për t'u qasur fondeve evropiane, sepse pa një plan të këtillë asnjë komunë nuk mund të konkurrojë për mjete për këtë qëllim. Në të njëjtën kohë, me këto aktivitete shkohet në drejtim të harmonizimit të konventave dhe rregullave evropiane. Është bërë një pyetësor anketues, është zbatuar një anketim – "Të planifikojmë së bashku qytetin në të cilin dëshirojmë të jetojmë", janë përpunuar të dhëna nga më shumë se 850 të anketuar. Përfshirja e qytetarëve dhe mendimi publik do të jetë një pikë fillestare në proces, i cili do të rrumbullakohet me një dokument që do të përmbajë masa afatshkurtra që do të mbështeten me praktikën ekzistuese, prej nga pastaj do të dalin zgjidhje të reja të cilat do të kontribuonin në mënyrë efektive për zgjidhjen e problemeve në afat më të gjatë. – "Ohri ka përpiluar një studim të detajuar për rregullimin e trafikut në qytet, e cila mund të jetë platformë për aktivitetet e ardhshme dhe për përfshirje edhe më të madhe të publikut në planifikim", tha kryetari i



Георгиески. Тој посочи дека носењето еден ваков план ќе придонесе за современо, урбано живеење и уредување на сообраќајот во градот и очекува одредено надминување на предизвикот со кој се соочува Охрид во туристичката сезона, кога во одредени денови има повеќе од сто илјади луѓе во него, а во останатиот период има 30 до 40 илјади луѓе.

### Во Општина Кавадарци

Општина Кавадарци јавната работилница ја одржа на 30 август, 2019 година. И оваа општина изрази заинтересираност за имплементирање на стратегиските правци на урбаното мобилно планирање. Градоначалникот, Митко Јанчев, пред присутните посочи дека општината активно работи на проширување на сообраќајниците, поставување на сообраќајни кружни токови, паркинг зони, и дека при овие зафати се прават напори за создавање на услови за поголема безбедност на пешаците и велосипедистите и на обезбедување на повеќе зелени површини. -„Урбаната мобилност не е само потреба на големите европски градови, туку и овде кај нас, каде се соочуваме со сè поизразено загадување и каде се намалени можностите за користење на алтернативните превозни средства кои донекаде ќе овозможат почист воздух, поголема рекреација на граѓаните и подобро здравје за сите", рече Јанчев.

komunës, Konstantin Georgieski. Ai theksoi se miratimi i një plani të këtillë do të kontribuojë për jetesë bashkëkohore, urbane dhe rregullimin e trafikut dhe pret një tejkalim të caktuar të sfidës me të cilin ballafaqohet Ohri gjatë sezonit turistik, kur në ditë të caktuara ka më shumë se njëqind mijë njerëz në të, ndërsa në pjesën tjetër ka 30 deri 40 mijë njerëz.

### Në Komunën e Kavadarit

Komuna e Kavadari mbajti punëtorinë publikë më 30 gusht 2019. Edhe kjo komunë shprehu interesim për t'i implementuar drejtimet strategjike të planifikimit mobil urban. Kryetari Mitko Jançev theksoi para të pranishmëve se komuna po punon në mënyrë aktive për zgjerimin e rrugëve, vendosjen e rrethrrotullimeve të trafikut, zonave të parkimit dhe se me këto aktivitete bëhen përpjekje për të krijuar kushte për siguri më të madhe të këmbësorëve dhe çiklistëve dhe për sigurim të më shumë sipërfaqeve të gjelbra. – "Mobiliteti urban nuk është vetëm nevojë e qyteteve të mëdha evropiane, por edhe këtu te ne, ku ballafaqohemi me një ndotje gjithnjë më serioze dhe ku janë zvogëluar mundësitë për përdorimin e mjeteve alternative transportuese, të cilat deri diku do të mundësojnë ajër më të pastër, rekreacion më të madh të qytetarëve dhe shëndet më të miri për të gjithë", tha Jançev.



### Во Општина Куманово

Општина Куманово одржа работилница на 2 септември, 2019 година на која присутните дискутираа за изработка на план за урбана мобилност во Куманово, со кој би требало да се подобри целосниот сообраќај во градот. Предлозите од оваа работилница, како и оние што ќе бидат изнесени во

### Në Komunën e Kumanovës

Komuna e Kumanovës mbajti një punëtori më 02 shtator 2019, në të cilën të pranishmit diskutuan për përpilimin e Planit të mobilitetit urban në Kumanovë, me të cilin do të duhej të përmirësohej gjithë trafiku në qytet. Propozimet nga kjo punëtori, si dhe ato që do të jepen në anketë, të cilën

анкетата, што за оваа намена Општината Куманово ја постави на својот веб-страница, треба да дадат насоки за можностите за затворање на одредени улици од централното подрачје за возила и примена на еднонасочен сообраќај во некои делови од градот. Ставањето на акцент на обезбедување на квалитетен јавен превоз, изградба на повеќе велосипедски патеки и обезбедување на можности за користење на сите други алтернативни видови на превоз е во насока на подобрување на условите на урбаното живеење на жителите на градот -изјави Емилија Сларидис Јаневска, од Секторот за урбанизам на Општина Куманово. Пред присутните се обрати и градоначалникот на Општина Куманово, Максим Димитриевски, кој посочи дека општината се соочува со предизвикот на изнаоѓање на стратешко решение за планирање на сообраќајот кој треба да се развива и шири во делот на сообраќајното поврзување интерно, внатре во општината, а потоа да ја задоволи и регионалната опфатност, бидејќи градот Куманово го сечат три, многу важни сообраќајни коридори.

e vendosi për këtë qëllim Komuna e Kumanovës në faqen e saj të internetit, duhet të japin drejtimet e mundësive për mbylljen e rrugëve të caktuara të zonës qendrore për automjete dhe zbatim i trafikut njëkahësh në disa pjesë të qytetit. Vënia e theksit mbi sigurimin e transportit cilësor publik, ndërtimin e më shumë shtigjeve të biçikletave dhe sigurimin e mundësive për përdorimin e të gjitha llojeve të tjera alternative të transportit është në drejtim të përmirësimit të kushteve të jetesës urbane të qytetarëve të qytetit – deklaroi Emilija Slaridis Janevska nga Sektori i urbanizmit të Komunës së Kumanovës. Para të pranishmëve u drejtua edhe kryetari i Komunës së Kumanovës, Maksim Dimitrievski, i cili theksoi se komuna po ballafaqohet me sfidën e gjetjes së një zgjidhjeje strategjike për planifikimin e trafikut i cili duhet të zhvillohet dhe të zgjerohet në pjesën e lidhjes së trafikut në mënyrë interne, brenda komunës dhe pastaj ta përmbushë edhe mbulimin rajonal, sepse Qytetin e Kumanovës e presin tri korridore shumë të rëndësishme të trafikut.



**Во Општина Карпош**

На 6 септември, 2019 година Општина Карпош одржа работилница во салата на Советот на Град Скопје, на која присуствуваа општински советници, претставници од администрацијата, од СВР Карпош, од полициската станица за безбедност во сообраќајот -Карпош и други гости. Присутните беа информирани дека во рамките на проектот општината креира визија и сака да изработи План на активности за одржлива урбана мобилност-ПАОУМ, кој подоцна би бил интегрален дел од ПОУМ за Град Скопје. Во таа насока утврдени се „таргети и индикатори за општина Карпош до 2021 година“ и „листа на идентификувани мерки за ПОУМ“. Во изработката на документот и неговата реализација постои целосна поддршка на раководните структури и на градоначалникот на општината. Развивањето заедничка визија е камен темелник на секој ПОУМ и дава основа за сите последователни чекори што ќе дефинираат конкретни цели и мерки. Присутните посочија делумно незадоволство од сообраќајниот систем, ја изразија потребата за натамошно развивање на велосипедската и пешачката инфраструктура и обезбедување на прилагодливост за лицата со хендикеп и мајки со колички, потребата од воведување на платено паркирање за резиденти и друго. Присутните беа информирани дека

**Në Komunën e Karposhit**

Më 6 shtator 2019, Komuna e Karposhit mbajti një punëtori në sallën e Këshillit të Qytetit të Shkupit, në të cilën morën pjesë këshilltarë komunalë, përfaqësues të administratës, të Sektorit të punëve të brendshme të Karposhit, të stacionit policor për siguri në trafik – Karposh dhe mysafirë të tjerë. Të pranishmit u informuan se në kuadër të “projektit”, komuna krijon vizion dhe dëshiron të përpilojë Planin e aktiviteteve të mobilitetit të qëndrueshëm urban – PAMQU, i cili më vonë do të ishte një pjesë integrale e PMQU-së të Qytetit të Shkupit. Në këtë drejtim janë përcaktuar edhe “qëllimet dhe indikatorët për Komunën e Karposhit deri në vitin 2021” dhe “lista e masave të identifikuara të PMQU-së”. Strukturat udhëheqëse dhe kryetari i komunës dhanë një mbështetje të tërësishme për përpilimin e dokumentit dhe realizimin e tij. Zhvillimi i vizionit të përbashkët është gur-themeli i çdo PMQU-së dhe jep bazën për të gjithë hapat e njëpasnjëshëm që do të definojnë qëllime dhe masa konkrete. Të pranishmit shprehën një pakënaqësi të pjesshme për sistemin e trafikut, shprehën nevojën për zhvillimin e mëtejshëm të infrastrukturës së biçikletave dhe këmbësorëve dhe sigurimin e adaptimit për personat me aftësi të kufizuara dhe nëna me karroca, nevojën për aplikimin e parkimit me pagesë për rezidentë etj. Të pranishmit u informuan

општината спровела и јавна анкета, поставена за електронско пополнување на веб-страницата на општината. Според дел од анализираните резултати, граѓаните реагираат на пребрзото возење, бучавата и предлагаат потреба од поголеми полициски патроли и мерки за смирување на сообраќајот во зоните на училиштата, пренасочување на товарните возила на обиколницата и слично. Во рамките на општината, во поглед на капацитетите и ресурсите, предочена е потребата од оформување на посебно одделение за сообраќај кое би било и одделение за мобилност или проширување на составот на одделенијата со стручен кадар од областа на сообраќајното инженерство и проектирање.

se komuna ka zbatuar edhe një anketë publike që mund të plotësohet në mënyrë elektronike dhe është vendosur në faqen e internetit të komunës. Sipas një pjese të rezultateve të analizuara, qytetarët reagojnë për vozitjen me shpejtësi shumë të madhe, zhurmën dhe propozojnë të ketë patrullime më të mëdha policore dhe masa për uljen e shpejtësisë së trafikut në zonat e shkollave, ridrejtimi i automjeteve për transport të mallrave në unazën etj. Në kuadër të komunës, lidhur me kapacitetet dhe resurset parashihet nevoja për formimin e një departamenti të veçantë, i cili do të ishte edhe departament për mobilitet ose zgjerimi i përbërjes së departamenteve me kuadro profesionale nga sfera e inxhinierisë dhe projektimit të trafikut.



## АКТИВНОСТИ НА ЗЕЛС ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА РОДОВО ЕДНАКВИ ОПШТИНИ

## AKTIVITETET E BNJVL-SË PËR SIGURIM TË KOMUNAVE TË BARABARTA GJINORE

ЗЕЛС во континуитет им обезбедува поддршка на единиците на локалната самоуправа за спроведување на законските обврски што општините ги имаат во делот на родовото одговорно буџетирање и за реализација на активностите за обезбедување на родово одговорна локална власт. Во таа насока, ЗЕЛС од месец август, своите активности ќе ги зајакне и со започнувањето на реализацијата на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање", што со поддршка на UN Women ќе се спроведува до втората половина на 2021 година. Основната цел на проектот е општините да имплементираат напредни политики за родова еднаквост на локално ниво. Предвидени се низа активности кои треба да придонесат за поголема промоција и подигање на свеста за градење и имплементација на овие политики, како и обезбедување на поголема и поквалитетна примена на родовото одговорно буџетирање од страна на локалната власт.

BNJVL-ja në vazhdimësi siguron mbështetje për njësitë e vetëqeverisjes lokale për zbatimin e detyrimeve ligjore që i kanë komunat në pjesën e buxhetimit të përgjegjshëm gjinor dhe për zbatimin e aktiviteteve për sigurimin e qeverisjes lokale me përgjegjësi gjinore. Në këtë drejtim, BNJVL-ja do të forcojë aktivitetet e saja nga muaji gusht edhe me fillimin e realizimit të projektit "Drejt komunave të përgjegjshme gjinore: Forcimi i kapaciteteve komunale për barazi gjinore dhe buxhetim të përgjegjshëm gjinor", i cili do të zbatohet me mbështetjen e UN Women deri në gjysmën e dytë të vitit 2021. Qëllimi kryesor i projektit është që komunat të zbatojnë politika të avancuara për barazinë gjinore në nivel lokal. Janë paraparë një sërë aktivitetesh që duhet të kontribuojnë për promovim më të madh dhe ngritje të vetëdijes për ndërtimin dhe zbatimin e këtyre politikave, si dhe për sigurimin e zbatimit më të madh dhe më cilësor të buxhetimit të përgjegjshëm gjinor nga ana e pushtetit lokal.

### Јакнење на општинските капацитети за родово одговорно буџетирање и поголема информираност на граѓаните за родовата еднаквост

Во проектот е утврдено да се продолжи со активности за натамошно јакнење на општинските капацитети, пред сè,

Претседателот на Совет на Општина Ресен, Никола Станковски, кој е и член на Комитетот на Советите при ЗЕЛС, на работилницата што се одржа во оваа општина, ја потенцираше потребата за почесто организирање на вакви средби со неговите колеги (претседатели на совети) од Пелагонискиот плански регион. Тој посочи дека на овој начин ќе се зголеми меѓусебната координација за активностите на советниците од регионот, ќе се обезбеди поголема информираност за предизвиците и за активностите на другите општини, при што ќе овозможи и градење на заеднички ставови и предлози кои потоа можат да бидат разгледувани од ЗЕЛС. Овие средби ќе придонесат и за идентификување на потребите на советниците, со цел поквалитетно спроведување на своите обврски во советот на општината и донесување на адекватни одлуки за граѓаните.

На работилницата беше поканет и градоначалникот на Општина Ресен, Живко Гошаревски, кој ја потенцираше важната улога на ЗЕЛС за локалните власти во земјата и посочи дека ваквите средби на советници може да придонесат и за поефикасна реализација на заеднички проекти за подигање на регионалниот развој.

На средбата, ставови, забелешки и предизвици изнесоа и присутните советници од општините: Прилеп, Ресен, Битола и Кривогаштани. Сите се согласија дека е неопходно продолжување на процесот на децентрализација, но притоа дека префрлањето на нови надлежности од централно на локално ниво, меѓу кои од областа на културата, земјоделството, социјалната заштита, мора да биде проследено со соодветни финансиски средства за нивно квалитетно спроведување. Во однос на иницијативите на органите на ЗЕЛС за данокот на имот и за легализацијата на објектите, посочија дека е потребна дополнителна дискусија, анализа и подолгорочни разговори. Притоа, ја нагласија и потребата од засилена поддршка од градоначалникот и од општинската администрација за промовирање на овие иницијативи во јавноста, како и соодветна соработка со ЗЕЛС. На работилницата беше изнесена и иницијатива во иднина да се размислува функцијата на советниците да биде платена, со цел обезбедување на нивна професионализација и донесување на квалитетни одлуки од локално значење.

tokës bujqësore – të ashtuquajtura "komunali". Rangu i përcaktimit të shumës së kompensimit, sipas kësaj mase, u debatua të lëvizet nga komunali të rritura dyfish nga ato që janë përcaktuar në mënyrë të rregullt për zonën konkrete planifikuese, përmes rangut të shumës së rritur të kompensimit nga 150% nga shuma e përcaktuar e rregullt e komunalive.

## Në Komunën e Resnjës u takuan kryetarët e këshillave komunalë të Rajonit planifikues të Pellagonisë

Kryetari i Këshillit të Komunës së Resnjës, Nikolla Stankovski, i cili është edhe anëtar i Komitetit të Këshillave të BNJVL-së, në punëtorinë që u mbajt në këtë komunë, theksoi nevojën për organizim më të shpeshtë të takimeve të këtilla me kolegët e tij (kryetarë të këshillave) nga Rajoni planifikues i Pellagonisë. Ai theksoi se në këtë mënyrë do të rritet koordinimi i ndërsjellë për aktivitetet e këshilltarëve të rajonit, do të sigurohen më shumë informacione për sfidat dhe aktivitetet e komunave të tjera dhe gjithashtu do të mundësohet edhe ndërtimi qëndrimeve dhe propozimeve të përbashkëta të cilat pastaj mund të rishikohen nga BNJVL-ja. Këto takime do të kontribuojnë edhe për identifikimin e nevojave të këshilltarëve, me qëllim që ata t'i zbatojnë në mënyrë më cilësore obligimet e tyre në këshillin e komunës dhe të miratojnë vendime adekuate për qytetarët.

Në punëtorinë u ftua edhe Kryetari i Komunës së Resnjës, Zhivko Gosharevski, i cili theksoi rolin e rëndësishëm të BNJVL-së për autoritetet lokale në vend dhe theksoi se takimet e këtilla të këshilltarëve mund të kontribuojnë edhe për realizim më efikas të projekteve të përbashkëta për ngritjen e zhvillimit rajonal.

Në takim, qëndrime, vërejtje dhe sfida nxorën edhe këshilltarët e pranishëm të komunave të Prilepit, Resnjës, Manastirit dhe Krivogashtanit. Të gjithë u pajtuan se duhet të vazhdojë procesi i decentralizimit, por se transferimi i kompetencave të reja nga sfera e kulturës, bujqësisë, mbrojtjes sociale nga niveli qendror në atë lokal duhet të shoqërohet me mjete adekuate financiare për zbatimin e tyre cilësore. Lidhur me iniciativat e organeve të BNJVL-së për tatimin e pronës dhe për legalizimin e objekteve, ata theksuan se nevojiten diskutime, analiza shtesë dhe bisedime më të gjata. Ata po ashtu theksuan nevojën për një mbështetje më të madhe nga kryetari i komunës dhe administrata komunale për promovimin e këtyre iniciativave, si dhe për një bashkëpunim përkatës me BNJVL-në. Në punëtori u nxor edhe iniciativa që në të ardhmen të mendohet që të paguhet funksioni i këshilltarëve me qëllim që të sigurohet profesionalizimi i tyre dhe të miratohen vendime cilësore të rëndësisë lokale.



## Советниците од Вардарскиот плански регион се сретнаа во Кавадарци

Во организација на ЗЕЛС, беше одржана и втората работилница на претседателите на општинските совети, кои се од единиците на локалната самоуправа од Вардарскиот плански регион. Работилницата се одржа во Општина Кавадарци, од каде е и членот на Комитетот на советите при ЗЕЛС од овој регион, претседателот на Советот на оваа општина, Ристо Сакалиев. Тој посочи дека ваквите средби ќе овозможат поквалитетно работење на општинските совети, разменување на добри практики и разгледување на заеднички иницијативи и предизвици. Сакалиев предложи одржувањето на вакви заеднички средби да се воспостави како пракса, еднаш во месецот.

На средбата беше поканет и градоначалникот на Општина Кавадарци, Митко Јанчев, кој воедно е и потпретседател на ЗЕЛС. Тој посочи дека ЗЕЛС е матичната куќа на сите општини од каде произлегуваат иновативни и креативни решенија кои се однесуваат на подобрување на работата на локалните власти. Јанчев посочи дека досега ги поддржувал сите иницијативи на ЗЕЛС кои одат во насока на подобрување на квалитетот на услугите на локалните власти. За нивна реализација од голема важност е и воспоставувањето на цврста соработка на градоначалникот и општинската администрација со Советот на општината, за што е потребно и јакнење на капацитетите на советниците, но и на нивната улога во локалната власт. Тоа генерално ќе придонесе за преземање на квалитативни чекори и во развивањето на процесот на децентрализација во земјава. На средбата градоначалникот Јанчев ја изнесе и идејата за разгледување на можностите за професионализација на работата на советниците, што беше поддржана и од присутните советници.

По опсежната дискусија, присутните претседатели на совети од општините: Неготино, Лозово, Велес, Росоман, Чашка и Свети Николе, како и домаќинот од Кавадарци, изразија поддршка за потребата од продлабочување на процесот на децентрализација на власта во земјава, преземање на поголеми надлежности на општините, но и обезбедување на поголеми приходи за општините. Како и на претходниот состанок и советниците од овој регион посочија дека без претходно обезбедување на адекватни финансиски средства за нови надлежности, општините само ќе се изложат на уште поголеми предизвици, задолжувања и блокирање на општинските сметки, а граѓаните нема да ги добијат потребните квалитетни услуги. Беше посочено дека треба да се размислува за нови модели за мотивирање на општинските советници, за адекватна подготовка на советниците со потребните знаења поврзани за донесување на квалитетни одлуки, обезбедување на поголема комуникација со граѓаните, поголема поддршка од општинската администрација и слично.

## Këshilltarët e Rajonit planifikues të Vardarit u takuan në Kavadar

Në organizim të BNJVL-së u mbajt edhe punëtoria e dytë e kryetarëve të këshillave komunalë të cilët janë nga njësitë e vetëqeverisjes lokale të Rajonit planifikues të Vardarit. Punëtoria u mbajt në Komunën e Kavadarit, prej nga vjen edhe anëtari i Komitetit të Këshillave të BNJVL-së nga ky rajon, kryetari i Këshillit të kësaj komune, Risto Sakaliev. Ai theksoi se takimet e këtilla do të mundësojnë një punë më cilësore të këshillave komunalë, shkëmbimin e praktikave të mira dhe shqyrtimin e iniciativave dhe sfidave të përbashkëta. Sakaliev propozoi që mbajtja e takimeve të këtilla të përbashkëta të vendoset si praktikë, njëherë në muaj.

Në takim u ftua edhe kryetari i Komunës së Kavadarit, Mitko Jançev, i cili është njëkohësisht edhe nënkryetar i BNJVL-së. Ai theksoi se BNJVL-ja është shtëpia amë e të gjitha komunave prej nga dalin zgjidhje inovative dhe kreative që kanë të bëjnë me përmirësimin e punës së vetëqeverisjeve lokale. Jançev theksoi se deri më tani i ka mbështetur të gjitha iniciativat e BNJVL-së që shkojnë në drejtim të përmirësimit të cilësisë së shërbimeve të autoriteteve lokale. Për realizimin e tyre është shumë e rëndësishme edhe vendosja e një bashkëpunimi të fortë të kryetarit të komunës dhe administratës komunale me Këshillin e komunës, për të cilën gjë duhet të forcohen kapacitetet e këshilltarëve, por edhe roli i tyre në pushtetin lokal. Kjo në përgjithësi do të kontribuojë për ndërmarrjen e hapave cilësorë edhe në zhvillimin e procesit të decentralizimit në vend. Në takim, kryetari Jançev gjithashtu inicioi idenë për shqyrtimin e mundësive për profesionalizimin e punës së këshilltarëve, që u përkrah edhe nga këshilltarët e pranishëm.

Pas diskutimit të gjerë, kryetarët e pranishëm të këshillave të komunave të Negotinës, Llozovës, Velesit, Rosomanit, Çashkës dhe Sveti Nikoles, si dhe nikoqiri nga Kavadari shprehën mbështetje për nevojën e thellimit të procesit të decentralizimit të pushtetit në vend, ndërmarrjen e kompetencave më të mëdha të komunave, por edhe sigurimin e të ardhurave më të mëdha për komunat. Sikurse edhe në takimin paraprak, edhe këshilltarët e këtij rajoni theksuan se pa sigurim paraprak të mjeteve adekuate financiare për kompetenca të reja, komunat vetëm do t'u ekspozohen sfidave, borxheve edhe më të mëdha dhe bllokimit të llogarive komunale, ndërsa qytetarët nuk do t'i marrin shërbimet e duhura cilësore. U theksua se duhet të mendohet për modele të reja për motivim të këshilltarëve komunalë, për përgatitje adekuate të këshilltarëve me njohuritë e nevojshme lidhur me miratimin e vendimeve cilësore, për sigurim të komunikimit më të madh me qytetarët, për mbështetje më të madhe nga administrata komunale etj.



**Работилницата на претседателите на советите од Источниот и Југоисточниот плански регион се одржа во Кочани**

Третата работилница ЗЕЛС ја организираше за претседателите од Источниот и Југоисточниот плански регион во Општина Кочани. Претседателот на Советот на Општина Кочани, Томе Солевски, кој воедно е и претседател на Комитетот на советите при ЗЕЛС, беше домаќин на заедничката средба. Во своето обраќање, Солевски посочи дека со оваа иницијатива на ЗЕЛС се засилува заложбата на Комитетот на советите при ЗЕЛС за зајакнување на улогата на советите на локално ниво. Тој подвлече дека е многу важно да се постигнат европските практики за градење на стабилни и цврсти општински совети, кои треба да им бидат поддршка на градоначалникот и на општинската администрација при градењето на општинските политики и имплементирањето на активностите кои се од интерес на граѓаните. Тој за разлика од иницијативата што беше изнесена на претходните работилници за професионализација на функцијата на општински советник, посочи дека треба да се кандидираат само лица кои ќе бидат претходно подготвени со знаења и со желба да дадат квалитетен придонес за доброто на својата општина, без притоа да примаат некаков надоместок. Претседателот на Советот на Општина Радовиш, Коле Чаракчиев, кој е член на Комитетот на советите при ЗЕЛС, како претставник на општините од Југоисточниот плански регион ја нагласи потребата за зајакнување на капацитетите на општинските советници, што во минатиот период беше значително занемарена. За иницијативите на ЗЕЛС посочи дека одат во насока на продлабочување на процесот на децентрализацијата во земјава и обезбедување на поголема финансиска стабилност на локалната власт. Градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илиев, кој беше поканет на оваа работилница, рече дека овие средби ќе овозможат препознавање на идните полињата за заедничка соработка на општинските совети. Присутните претседатели на советите од општините: Босилово, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Ново Село, Берово, Штип, Виница, Радовиш и Кочани на крајот од дискусијата ги поддржаа активностите на ЗЕЛС за продлабочување на процесот на децентрализација, особено во делот на надлежности на инспекциските служби, матичните служби, комуналната полиција, располагањето со земјоделското земјиште, концесиите на песокот од речните корита и други природни суровини што се на територија на општините, со цел поголема финансиска стабилност на општините. Во однос на иницијативите за зголемување на данокот на

**Punëtoria e kryetarëve të këshillave të Rajonit planifikues lindor dhe juglindor u mbajt në Koçan**

BNJVL-ja organizoi punëtorinë e tretë për kryetarët e këshillave komunalë të Rajonit planifikues lindor dhe juglindor në Komunën e Koçanit. Kryetari i Këshillit të Komunës së Kocanit, Tome Solevski, i cili është edhe kryetar i Komitetit të Këshillave të BNJVL-së, ishte nikoqir i takimit të përbashkët. Në fjalimin e tij, Solevski theksoi se me këtë iniciativë të BNJVL-së forcohet zotimi i Komitetit të Këshillave të BNJVL-së për rritjen e rolit të këshillave në nivel lokal. Ai nënvizoi se është shumë e rëndësishme që të arrihen praktikat evropiane për ndërtimin e këshillave të qëndrueshëm dhe të fortë, të cilët duhet të jenë mbështetje për kryetarin e komunës dhe administratën komunale gjatë ndërtimit të politikave komunale dhe implementimit të aktiviteteve që janë në interes të qytetarëve. Për dallim nga iniciativa që u nxor në punëtoritë paraprake për profesionalizimin e funksionit të këshilltarit komunal, ai theksoi se duhet të kandidohen vetëm persona të cilët do të përgatiten paraprakisht me njohuri dhe me dëshirë për të dhënë kontribut cilësor për të mirën e komunës së tyre, pa marrë njëkohësisht asnjë kompensim.

Kryetari i Këshillit të Komunës së Radovishit, Kole Çakarçiev, i cili është anëtar i Komitetit të Këshillave të BNJVL-së, si përfaqësues i komunave të Rajonit planifikues juglindor theksoi rëndësinë për përforcimin e kapaciteteve të këshilltarëve komunalë, e cila në periudhën e kaluar ishte lënë anash në mënyrë të konsiderueshme. Ai theksoi se iniciativat e BNJVL-së shkojnë në drejtim të thellimit të decentralizimit në vend dhe sigurimit të një stabiliteti më të madh financiar të pushtetit lokal.

Kryetari i Komunës së Koçanit, Nikollço Iliev, i cili u ftua në këtë punëtori, tha se këto takime do të mundësojnë identifikimin e fushave të ardhshme të bashkëpunimit të përbashkët të këshillave komunalë. Kryetarët e pranishëm të këshillave të komunave të Bosillovës, Makedonska Kamenicës, Pehçevës, Probishtipit, Novosellës, Berovës, Shtipit, Vinicës, Radovishit dhe Koçanit në fund të diskutimit mbështetën aktivitetet e BNJVL-së për thellimin e procesit të decentralizimit, sidomos në pjesën e kompetencave të shërbimeve të inspektimit, shërbimeve të regjistrimit, policisë komunale, menaxhimit të tokës bujqësore, koncesioneve të rërës nga shtretërit e lumenjve dhe lëndëve të para të tjera që janë në territorin e komunave, me qëllim të stabilitetit më të madh financiar të komunave. Lidhur me iniciativat për rritjen e tatimit të pronës dhe taksave për legalizimin e objekteve



имот и давачките за легализација на дивоградбите, беше нагласена потребата за претходна изработка на квалитетна и сеопфатна анализа, прецизно утврдување на чекорите кои треба да се преземат и на соодветна координација меѓу локалната и централната власт. Притоа, присутните изнесоа и други предлози за зголемување на општинските приходи, а ги посочија и предизвиците при имплементирањето на законските одредби околу вработувањето на инвалидни лица, легализација на дивоградбите, Законот за води, обезбедувањето на планска документација и слично.

të egra, u theksua nevoja për përgatitje paraprake të një analize cilësore dhe gjithëpërfshirëse, përcaktim të saktë të hapave që duhet të ndërmerren dhe koordinim përkatës midis pushtetit lokal dhe atij qendror. Të pranishmit gjithashtu nxorën edhe propozime të tjera për rritjen e të ardhurave komunale, ndërsa theksuan edhe sfidat gjatë implementimit të dispozitave ligjore rreth punësimit të personave me aftësi të kufizuara, legalizimit të objekteve të egra, Ligjit për ujërat, sigurimit të dokumentacionit planifikues etj.

## ПЕТ ОПШТИНИ ДОБИЈА МЕНТОРСКА ПОДДРШКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА

До крајот на годината општините: Битола, Богданци, Делчево, Неготино, Охрид и Ранковце ќе изработат финален документ за функционална анализа, што претставува алатка на раководството на општината за подобрување на ефикасноста и ефективноста на извршувањето на работните задачи во рамките на внатрешната поставеност на локалната власт. Исто така, Функционалната анализа претставува и вредна алатка за обезбедување на квалитетно поставување на нивните расположливи ресурси (кадровски, просторни, ИТ, технички и др.) Пет од овие општини ќе добијат менторска поддршка во целиот процес на изработката на документот, додека Општина Делчево побара експертите да ја ревидираат функционалната анализа што веќе ја подготвуваат и чија изработка е во завршна фаза. Изработката на документот, воедно претставува и законска обврска за сите локални власти и досега дел од општините посочија дека ја реализирале обврската, дел се во завршна фаза на подготвување на документот, но не е мал и бројот на општините кои воопшто не започнале со изработка на функционална анализа на општината.

Менторската поддршка на општините започна од месец септември и е обезбедена со средства од проектот „Поддршка на процесите на демократско управување", што заеднички го спроведуваат ЗЕЛС и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, посветен на јакнење на административните капацитетите на општините. Изборот на општините беше направен врз основа на покажаниот интерес од страна на локалните власти да изработат ваков документ, кои учествуваа редовно на претходно организираните обуки посветени на процесот на изработка на овој документ, каде беа објаснети методите и техниките за изработка на функционална анализа (ФА) и кои уредно одговорија на доставениот прашалник. Суштината на ФА е да ги идентификува предизвиците од организациски и функционален аспект, кои можат потенцијално да го отежнат или попречат остварувањето на актуелните надлежности и задачи на институцијата, но и оние кои се предвидуваат со стратешките документи и притоа да се предложат конкретни мерки за подобрување на исполнувањето на целите.

Ангажираните ментори започнаа со посетите на овие општини од месец септември и следните неколку месеци ќе работат заедно со лицата од одделенијата за човечки ресурси и другите надлежни претставници од општинската администрација. Останатите општини кои ќе изразат дополнително барање за менторска поддршка во оваа област, ќе имаат можност таа поддршка да ја добијат следната година. Целта е сите општини квалитетно да ја реализираат законската обврска за изработката на функционалната анализа на општината.

## PESË KOMUNA MORËN MBËSHTETJE MENTORIMI PËR PËRPILIM TË NJË ANALIZE FUNKSIONALE

Deri në fund të vitit, komunat e Manastirit, Bogdancës, Dellçevës, Negotinës, Ohrit dhe Rankocit do të përpilojnë një dokument final për analizë funksionale, e cila është vegël e udhëheqjes së komunës për përmirësimin e efikasitetit dhe efektivitetit të kryerjes së detyrave të punës në kuadër të organizimit të brendshëm të pushtetit lokal. Po ashtu analiza funksionale është edhe vegël e rëndësishme për sigurimin e organizimit cilësor të resurseve të tyre që i kanë në dispozicion (resurset kadrovike, hapësinore, informatike-teknologjike, teknike etj.). Pesë nga këto komuna do të fitojnë mbështetje mentorimi në të gjithë procesin e përpilimit të dokumentit, ndërsa Komuna e Dellçevës ka kërkuar që ekspertë ta rishikojnë analizën funksionale të cilën tashmë e përgatisin dhe përgatitja e së cilës është në fazë përfundimtare. Përpilimi i dokumentit është njëkohësisht edhe një obligim ligjor për të gjitha autoritetet lokale dhe deri më tani një pjesë e komunave theksuan se e kanë realizuar këtë obligim, një pjesë e tyre janë në fazë përfundimtare të përgatitjes së dokumentit, por nuk është i vogël edhe numri i komunave të cilat aspak nuk kanë filluar me përpilimin e analizës funksionale të komunës.

Mbështetja e mentorimit të komunave ka filluar në muajin shtator dhe ajo është siguruar me mjete të projektit "Mbështetje për proceset e udhëheqjes demokratike", të cilin e zbatojnë bashkërisht BNJVL-ja dhe Misioni i OSBE-së në Shkup, që i kushtohet forcimit të kapaciteteve administrative të komunave. Përzgjedhja e komunave u bë në bazë të interesit të treguar nga ana e autoriteteve lokale për të përpiluar një dokument të këtillë, të cilat morën pjesë rregullisht në trajnimet e organizuara paraprake, të kushtuara procesit të përpilimit të këtij dokumenti, ku u shpjeguan metodat dhe teknikat e përpilimit të analizës funksionale (AF) dhe të cilat iu përgjigjën saktë pyetësorit të dorëzuar. Thelbi i analizës funksionale është t'i identifikojë sfidat e aspektit organizativ dhe funksional, të cilat potencialisht mund ta vështirësojnë ose ta pengojnë realizimin e kompetencave dhe detyrave aktuale të institucionit, por edhe ato që parashihen me dokumentet strategjike dhe njëkohësisht të propozohen masa konkrete për të përmirësuar përmbushjen e qëllimeve dhe detyrave.

Mentorët e angazhuar filluan me vizitat të këtyre komunave nga muaji shtator dhe disa muajt e ardhshëm do të punojnë bashkërisht me personat e departamenteve të resurseve njerëzore dhe përfaqësuesit e tjerë kompetentë të administratës komunale. Komunat e tjera, të cilat do të shprehin kërkesë shtesë për mbështetje të mentorimit në këtë sferë, do të kenë mundësi ta marrin këtë mbështetje vitin e ardhshëm. Qëllimi është që të gjitha komunat ta realizojnë obligimin ligjor për përpilimin e analizës funksionale të komunës.

# ЗАВРШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „ПОДДРШКА НА ОПШТИНИТЕ ВО ПРОМОЦИЈА НА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ“

# KONFERENCË PËRFUNDIMTARE E PROJEKTIT “MBËSHTETJE PËR KOMUNAT NË PROMOVIMIN E MOBILITETIT TË QËNDRUESHËM URBAN”



Претставници од шесте општини: Битола, Велес, Кавадарци, Карпош, Куманово и Охрид кои се дел од проектот „Поддршка на единиците на локалната власт на Република Северна Македонија во промоција на одржлива урбана мобилност“ на 19 септември, 2019 година, во просториите на ЗЕЛС потпишаа изјави дека ќе продолжат со имплементирањето на мерките за одржлива урбана мобилност (СУМП). Градоначалничката на Општина Битола, Нашата Петровска; градоначалникот на Општина Велес, Аце Коцевски; градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев и овластените претставници од останатите три општини, на овој начин, уште еднаш ја потврдија заложба на нивните локални власти за натамошно реализирање на активности за стратегиски и плански пристап во процесот на урбаното планирање. Целта е да се оптимизира ефикасноста на сообраќајот, да се подобри мобилноста на пешаците и велосипедистите, да се промовира значењето на е-мобилноста во насока на намалување на емисиите на $CO_2$, да се олесни сообраќајот во централно градско подрачје, да

Përfaqësuesit e gjashtë komunave: Manastiri, Velesi, Kavadari, Karposhi, Kumanova dhe Ohri, të cilat janë pjesë e projektit “Mbështetje për njësitë e vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut në promovimin e mobilitetit të qëndrueshëm urban”, më 19 shtator 2019, në hapësirat e BNJVL-së nënshkruan deklarata se do të vazhdojnë me implementimin e masave të mobilitetit të qëndrueshëm urban (SUMP). Kryetarja e Komunës së Manastirit, Natasha Petrovska; Kryetari i Komunës së Velesit, Ace Kocevski; Kryetari i Komunës së Karposhit, Stefan Bogoev dhe përfaqësuesit e autorizuar të tri komunave të tjera në këtë mënyrë edhe njëherë konfirmuan angazhimin e autoriteteve të tyre lokale për realizimin e mëtejshëm të aktiviteteve për qasjen strategjike dhe planifikuese në procesin e planifikimit urban. Qëllimi është të optimizohet efikasiteti i trafikut, të përmirësohet mobiliteti i këmbësorëve dhe çiklistëve, të promovohet rëndësia e e-mobilitetit në drejtim të reduktimit të emetimeve të dioksidit të karbonit ($CO_2$), të reduktohet







се зголеми нивото на безбедност и сигурност на граѓаните и да се подобри социјалната интеграција и еднаквост.

Свеченото потпишување беше реализирано во рамките на завршната конференција на проектот што ја организира ЗЕЛС во просториите на административната зграда и одбележувањето на „Европската недела за урбана мобилност". На тој начин, во период од 16 до 22 септември, 2019 година, овие шест општини и други локални власти, градот Скопје и ЗЕЛС, заедно со голем број европски градови, реализираа бројни активности за промоција на одржлива урбана мобилност во нашата земја.

**Општините ги презентираа реализираните активности за ПОУМ**

На почетокот на настанот, присутните ги поздрави извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, која посочи дека локалните власти во нашата земја покажуваат сè поголем интерес за прифаќање и имплементирање на принципите на урбаното мобилно планирање. Стратегискиот пристап во планирањето, вклучувањето на гласот и потребите на граѓаните во креирањето на заедничкиот животен простор, во кој ќе се обезбеди почиста животна средина, ќе се стимулира градба и користење на јавен превоз, велосипеди и други „паметни" средства, ќе се овозможи поголем простор за зеленилото и пешаците, се благодетите што ги нуди мобилното урбано планирање (ПОУМ). Потврда за тоа е големиот интерес на општините на јавниот повик што го објави ЗЕЛС за учество

trafiku në zonën qendrore të qytetit, të rritet niveli i sigurisë së qytetarëve dhe të përmirësohet integrimi dhe barazia sociale. Nënshkrimi solemn u realizua në kuadër të konferencës përfundimtare të projektit që e organizoi BNJVL-ja në hapësirat e ndërtesës administrative dhe shënimit të "Javës evropiane të mobilitetit urban". Në këtë mënyrë, në periudhën prej 16 deri më 22 shtator 2019, këto gjashtë komuna dhe autoritete të tjera lokale, Qyteti i Shkupit dhe BNJVL-ja, së bashku me një numër të madh qytetesh evropiane realizuan një numër aktivitetesh për ta promovuar mobilitetin e qëndrueshëm urban në vendin tonë.

**Komunat prezantuan aktivitetet e realizuara të PMQU-së**

Në fillim të ngjarjes, të pranishmit i përshëndeti drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, e cila theksoi se autoritetet lokale në vendin tonë tregojnë një interes gjithnjë më të madh për pranimin dhe implementimin e parimeve të planifikimit mobil urban. Qasja strategjike në planifikim, përfshirja e zërit dhe nevojave të qytetarëve në krijimin e hapësirës së përbashkët të jetesës, në të cilën do të sigurohet një ambient më i pastër jetësor, do të stimulohet ndërtimi dhe përdorimi i transportit urban, biçikletave dhe mjeteve të tjera "të mençura", do të mundësohet një hapësirë më e madhe për gjelbërimin dhe këmbësorët, janë përfitimet që i ofron planifikimi mobil urban. Një konfirmim për këtë është interesi i madh i komunave në thirrjen publike që e publikoi



во проектот, како и инвентивноста на доставените општински проекти. Таа посочи дека ЗЕЛС ќе продолжи со поддршката, бидејќи тоа е во полза на локалната власт и истовремено претставува примена на европските конвенции и правила на локално ниво. Беше истакнато дека со овој проект, ЗЕЛС обезбеди добри практики од општините во оваа област, кои ќе може да ги користат и другите локални власти, овозможи обучување на општинската администрација за процесите на урбано мобилно планирање и создава база на експерти кои во иднина ќе можат да ги поддржуваат општините во оваа насока. Од особена важност е што општините кои добија поддршка со проектот и пристапија кон мапирање на активности и обезбедување на насоки за изработка на стратегиски документи и планови за урбана мобилност, ќе можат полесно да дојдат до средствата од европските фондови, предвидени за имплементирање на активности од оваа област, бидејќи при аплицирањето, еден од важните услови најчесто е општината да има подготвено план за урбана мобилност. Беше посочено дека во рамките на проектот, прво е обучен експертски кадар кој советодавно може да го користат општините, по што им се дадени консултантски услуги на пет пилот општини: Битола, Кавадарци, Куманово, Охрид и Карпош. Општина Велес не бараше ваква поддршка бидејќи веќе има изработено План за одржлива урбана мобилност, кој е усвоен од Советот на општината и кој е усогласен по европските стандарди за подготовка на ваков тип на документи. На објавениот повик за конкурирање со проекти, мешовита комисија на ЗЕЛС И ГИЗ ги избра највисоко рангираните општини- Охрид и Карпош, кои добија финансиска поддршка за нивна реализација. Општина Карпош обезбеди продолжување на „зелената рута за велосипеди и пешаци", шест електрични тротинети и „соларното дрво" за полнење на електрични скутери и мобилни телефони во Адреналинскиот парк. Општина Охрид обезбеди девет локации за паркинг на велосипеди на својата територија и ја подобри велосипедската инфраструктура. Сите општини минаа низ процесот на планирање на урбана мобилност, преку одржување на обуки и јавни работилници, поддржани од експерт и пристапија кон мапирање на таргети и индикатори и идентификуваа мерки за ПОУМ, за подготовка на стратегиски документи и планови во оваа област.

Општините Битола и Велес, на дополнителниот јавен повик на ЗЕЛС, аплицираа за финансиска поддршка за спроведување на одредени активности во нивната општина, што ги реализираа во рамките на „Европската недела на урбана мобилност". Општина Велес доби поддршка за обезбедување на печатење на промотивни материјали, опрема за осум училишта за безбедност при

BNJVL-ja për pjesëmarrje në projekt, si dhe idetë inovative për projektet e dorëzuara komunale. Ajo theksoi se BNJVL-ja do të vazhdojë me mbështetjen e saj, sepse ajo është në dobi të pushtetit lokal dhe njëkohësisht është zbatim i konventave dhe rregullave evropiane në nivel lokal. U thekua se me këtë projekt, BNJVL-ja siguroi praktikat e mira të komunave në këtë sferë, të cilat do të mund t'i përdorin edhe autoritetet e tjera lokale, mundësoi trajnimin e administratës komunale për proceset e planifikimit mobil urban dhe krijon një bazë ekspertësh të cilët në të ardhmen do të mund t'i përkrahin komunat në këtë drejtim. Është me rëndësi të veçantë se komunat që morën mbështetje me "projektin" dhe filluan t'i shënojnë aktivitetet dhe të sigurojnë drejtime për përpilimin e dokumenteve dhe planeve strategjike të mobilitetit urban, do të mund më lehtë të sigurojnë mjete nga fondet evropiane që janë paraparë për implementimin e aktiviteteve të kësaj sfere, sepse gjatë aplikimit, njëri i kushteve të rëndësishme më së shpeshti është që komuna të ketë përgatitur një plan të mobilitetit urban.

U theksua se në kuadër të "projektit" së pari është trajnuar një staf ekspertësh, të cilin mund ta përdorin komunat për të marrë këshilla dhe se pesë pilot komunat: Manastiri, Kavadari, Kumanova, Ohri dhe Karposhi kanë marrë po ashtu shërbime këshillimi. Komuna e Velesit nuk ka kërkuar një mbështetje të këtillë sepse tashmë ka përpiluar një Plan për mobilitet të qëndrueshëm urban, i cili është miratuar nga Këshilli i komunës dhe është harmonizuar me standardet evropiane për përgatitjen e një lloji të këtillë të dokumenteve. Në thirrjen e publikuar për të konkurruar me projekte, komisioni i përzier i BNJVL-së dhe GIZ-it përzgjodhi komunat me rang më të lartë Ohri dhe Karposhi, të cilat morën mbështetje financiare për realizimin e tyre. Komuna e Karposhit ka siguruar vazhdimin e "rutës së gjelbër për biçikleta dhe këmbësorë", gjashtë trotinete elektrike dhe "druri solar" për mbushjen e skuterëve elektrikë dhe telefonave mobilë në Parkun e adrenalinës. Komuna e Ohrit ka siguruar nëntë lokacione për parkimin e biçikletave në territorin e saj dhe ka përmirësuar infrastrukturën e biçikletave. Të gjitha komunat kaluan nëpër procesin e planifikimit të mobilitetit urban përmes mbajtjes së trajnimeve dhe punëtorive publike, u mbështetën nga një ekspert dhe i qasën shënimit të qëllimeve dhe indikatorëve dhe identifikuan masat e PMQU-së, për përgatitjen e dokumenteve dhe planeve strategjike në këtë sferë.

Komunat e Manastirit dhe Velesit, në thirrjen shtesë publike të BNJVL-së, aplikuan për mbështetje financiare për zbatimin e aktiviteteve të caktuara në komunat e





возење на велосипед и ролери (шлемови и штитници за колена), материјали за украсување и боење на хоризонтална сигнализација и друго. Општина Битола, исто така доби поддршка за печатење на промотивен материјал, како и за изработка на две прокетни документации за обезбедување на пилот – изведба на велосипедска патека на сообраќајница во градот.

Во рамките на конференцијата, претставници од пилот општините говореа за активностите што ги презела општината во рамките на проектот, но и за други активности од оваа област. На конференцијата учествуваше и претставник од градот Скопје, кој ја презентираше реализацијата на низа активности кои произлегуваат и од Планот за одржлива урбана мобилност на градот.

### Поддршка од ГИЗ за промоција на одржлива урбана мобилност во локалната власт

Реализацијата на проектот ,,Поддршка на единиците на локалната власт на Република Северна Македонија во промоција на одржлива урбана мобилност" што го имплементираше ЗЕЛС, беше поддржана од Германската агенција за меѓународен развој (GIZ). Во таа насока на свечената конференција беше поканет и Давид Оберхубер, директорот на Регионална канцеларија на ГИЗ, кој им се заблагодари на присутните за интересот што го покажуваат за подобрување на состојбата во урбаното и сообраќајното планирање и изрази задоволство од резултатите на општините и навременото имплементирање на предвидените активности. Тој истакна дека ГИЗ спроведува слични активности и во останатите земји во регионот и дека во иднина повторно ќе соработува со ЗЕЛС за поддршка на општините во нашата земја. Оберхубер и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, во насока на поддршка на заложбата за користење на алтернативни сообраќајни средства за превоз во урбаните средини, на конференцијата во ЗЕЛС, дојдоа со електрични тротинети. На конференцијата се обрати и Ана Петровска, државен секретар на Министерство за животна средина, која истакна дека и покрај тоа што Министерството нема надлежност во урбанистичкото планирање и

tyre që i realizuan në kuadër të "Javës evropiane të mobilitetit urban". Komuna e Velesit mori mbështetje për sigurimin e shtypjes së materialeve promovuese, pajisje për tetë shkolla për siguri gjatë vozitjes së biçikletave dhe patinave (helmeta dhe mbrojtës të gjurit), materiale për dekorim dhe ngjyrosje të sinjalizimit horizontal etj. Komuna e Manastirit po ashtu mori mbështetje për shtypjen e materialeve promovuese, si dhe për përpilimin e dy dokumentacioneve projektuese për sigurimin e pilot – përpilimit të shtegut të biçikletave në një rrugë të qytetit.

Në kuadër të konferencës, përfaqësues nga pilot komunat folën për aktivitetet që i kanë ndërmarrë në kuadër të projektit, por edhe për aktivitete të tjera të kësaj sfere. Në konferencë mori pjesë edhe një përfaqësues i Qytetit të Shkupit, i cili prezantoi realizimin e aktiviteteve që dalin nga Plani i mobilitetit të qëndrueshëm urban të qytetit.

### Mbështetje nga GIZ-i për promovimin e mobilitetit të qëndrueshëm urban në pushtetin lokal

Realizimi i projektit "Mbështetje për njësitë e vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë së Veriut", që e zbatoi BNJVL-ja, u mbështet nga Agjencia Gjermane për Zhvillim Ndërkombëtar (GIZ). Në këtë drejtim, në konferencën solemne u ftua edhe David Oberhuber, drejtori i Zyrës rajonale të GIZ-it, i cili falënderoi të pranishmit për interesin që e tregojnë për përmirësimin e gjendjes në planifikimin urban dhe të trafikut dhe shprehu kënaqësinë e tij për rezultatet e komunave dhe implementimin me kohë të aktiviteteve të parapara. Ai theksoi se GIZ-i zbaton aktivitete të ngjashme edhe në vendet e tjera të rajonit dhe se në të ardhmen do të bashkëpunojë përsëri me BNJVL-në për mbështetjen e komunave në vendin tonë. Oberhuber dhe kryetari i Komunës së Karposhit, Stefan Bogoev, në drejtim të mbështetjes së zotimit për përdorimin e mjeteve alternative transportuese në mjediset urbane, erdhën në konferencën e BNJVL-së me trotinete elektrike.

Në konferencë u drejtua edhe Ana Petrovska, sekretare shtetërore e Ministrisë së Ambientit Jetësor, e cila theksoi se edhe pse Ministria nuk ka kompetencë në planifikimin urban dhe planifikimin e trafikut, megjithatë ata janë të lidhur drejtpërdrejt me zbatimin e masave për reduktimin e ndotjes së ambientit jetësor. Në këtë drejtim,






планирањето на сообраќајот, сепак се директно поврзани со примена на мерки за намалување на загадувањето на животната средина. Во таа насока, МЖСПП е координатор и на „Европската недела за урбана мобилност" во земјава и секоја година ги повикува општините да се приклучат со свои активности. Задоволна од активностите на ЗЕЛС и на општините изрази желба за идна заедничка поддршка на локалните власти во урбаната мобилност.

### „Соларно дрво" во Општина Карпош

Присутните на крајот од конференцијата имаа можност да го посетат „соларното дрво", во Адреналинскиот парк во Општина Карпош и да видат како функционира. Всушност, „дрвото" работи исклучиво на обновлива сончева енергија и соларниот постамент има моќност од два киловати, со што им овозможува на граѓаните да ги полнат своите електрични тротинети и велосипеди, мобилни телефони и компјутери. Поставено е во рамки на т.н. „ Зелена рута" која е дополнета со уште два километри велосипедска патека и патека за ролери.



### Што е оддржлива урбана мобилност ?

Урбаната мобилност претставува модел на оптимални трошоци и иновација, зголемување на удобноста на живеење на граѓаните, зголемена мобилност и достапност, подобрување на животната средина и здравјето на луѓето, донесување на одлуки поддржани од заинтересираните страни и граѓаните. Иницијативата за примена одржливо урбани мерки во општеството е широко застапена во Европската унија, и токму затоа Европската комисија одредува цела недела (од 16 до 22 септември) за поддршка за овој вид активности. Над три илјади градови и општини се вклучени во имплементација на одржливо урбани мерки со цел да се поттикне идно стратешко планирање кон правилен развој на сообраќајот, урбаното планирање, културата и удобност на живеење на граѓаните.

MAPH-ja është edhe koordinator i "Javës evropiane të mobilitetit urban" në vend dhe çdo vit u bën thirrje komunave për t'u bashkëngjitur me aktivitetet e tyre. E kënaqur nga aktivitetet e BNJVL-së dhe komunave, ajo shprehu dëshirë për mbështetje të ardhshme të përbashkët të autoriteteve lokale për mobilitetin urban.

### "Druri solar" në Komunën e Karposhit

Të pranishmit në fund të konferencës patën mundësinë ta vizitojnë "drurin solar" në Parkun e adrenalinës në Komunën e Karposhit dhe ta shohin se si funksionon ai. Në fakt, "druri" punon vetëm me energjinë e ripërtëritshme diellore dhe postamenti solar ka fuqi prej dy kilovatësh, kështu që u mundëson qytetarëve t'i mbushin trotinetet dhe biçikletat e tyre elektrike, telefonat mobilë dhe kompjuterët. Ai është i vendosur në të ashtuquajturën "Ruta e gjelbër", e cila ka edhe një shteg për biçikleta në gjatësi prej dy kilometrash dhe një shteg për patina.



### Çfarë është mobiliteti i qëndrueshëm urban?

Mobiliteti urban është një model i shpenzimeve optimale dhe inovacionit, rritjes së komoditetit të jetesës së qytetarëve, mobilitetit dhe qasjes së rritur, përmirësimit të mjedisit jetësor dhe shëndetit të njerëzve, marrjes së vendimeve të përkrahura nga palët dhe qytetarët e interesuar. Iniciativa për zbatimin e masave të qëndrueshme urbane në shoqëri zbatohet shumë në Bashkimin Evropian dhe për këtë shkak Komisioni Evropian cakton gjithë javën (prej 16 deri më 22 shtator) për përkrahjen e këtij lloji të aktiviteteve. Mbi tremijë qytete dhe komuna janë të përfshira në zbatimin e masave të qëndrueshme urbane, me qëllim që të nxitet planifikimi i ardhshëm strategjik për zhvillimin e drejtë të trafikut, planifikimin urban, kulturën dhe komoditetin e jetesës së qytetarëve.

# ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk